КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2987.

Врз основа на член 190, а во врска со член 165 и член 167 алинеја д став 3 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата, одржана на 25.10.2010 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРВИЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН, УПРАВЕН ОДБОР ИЛИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ, КАКО И ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ" БР.6/2007)

Член 1

Во член 5 став 1 точка 5.2 алинеја 1 и член 7 став 1 точка 7.2 алинеја 1 од Правилникот за формата и содржината на првичниот извештај за сопственост на член на надзорен, управен одобор или на одбор на директори на акционерско друштво со посебни обврски за известување, како и лицата со посебни одговорности и овластувања, зборот „националност"се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1967/3 Комисија за хартии од вредност
25 октомври 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

_____

2988.

Врз основа на член 190, а во врска со член 166 и член 167 алинеја д став 3 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2010 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРВИЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА АКЦИОНЕР, ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНОСТ НА АКЦИОНЕР И КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНОСТ НА АКЦИОНЕР („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ" БР.6/2007)

Член 1

Во член 9 став 1 алинејата а) од Правилникот за формата и содржината на првичниот извештај за сопственост на акционер, извештајот за промена на сопственост на акционер и конечниот извештај за промена на сопственост на акционер се менува и гласи: "полно име и презиме на физичко лице , датум и место на раѓање, државјанство и адреса на лицето кое стекнало хартии од вредност, а за правното лице целосен назив на правно лице, ЕМБС и седиште".

Член 2

Во член 10 став 1 алинејата а) од Правилникот се менува и гласи: "полно име и презиме на физичко лице датум и место на раѓање, државјанство и адреса на лицето кое стекнало или отуѓило хартии од вредност, а за правното лице целосен назив на правно лице, ЕМБС и седиште ".

Член 3

Во член 11 став 1 алинејата а) од Правилникот се менува и гласи: "полно име и презиме на физичко лице, датум и место на раѓање, државјанство и адреса на лицето кое отуѓило хартии од вредност, а за правното лице целосен назив на правно лице, ЕМБС и седиште".

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1968/3 Комисија за хартии од вредност
25 октомври 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

_____

2989.

Врз основа на член 190 став 1 и член 150, став 5 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2010 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА ПОСЕБЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување се уредуваат:

- организацијата и начинот на одржување на обуката за инвестиционо советување, наставни области и подрачја, условите за избор на предавачи, обврските на предавачите и кандидатите и динамика за одржување на обуката;
- организација на испитот за инвестиционо советување, надзор над регуларноста на испитот и динамиката за одржување на испитот;
- начин и постапка на признавање на сертификати за инвестиционо советување/инвестиционен советник стекнати во странство;
- други прашања од значење за обезбедување на фер, транспарентен и рамноправен третман на сите кандидати кои следат обука и полагаат стручен испит за инвестиционо советување.

Организација на обука

Член 2

(1) Обука и стручен испит за инвестиционо советување организира и спроведува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во натамошниот текст: Комисија).